

# **Внесете комфор** во вашиот дом
Кнауф во објектите за домување

www.knauf.com.mk | 02/2008





# **Оаза** за секого

Живееме во време на постојани и брзи промени, што во голема мера го сменија и начинот на живот и нашите желби и потреби. Се смени и стилот на домување: новите животни навики создаваат потреба за нов, современ простор за живеење каде ќе се чувствуваме поудобно.
Вашиот дом е вашата оаза, пријатно место кое релаксира од стресот и ви го пружа потребниот мир и комфор.
Планирате да градите, или веќе започнавте?
Размислувате ли можеби за реновирање?
За секоја ваша желба Кнауф ви нуди совршено решение со кое квалитетно ќе се задоволат вашите барања. Разбирајќи ги вашите потреби, ќе ви овозможиме секогаш да се чувствувате пријатно во вашите четири ѕида бидејќи Кнауф нуди многу можности при проектирањето и преградувањето на просторот...
... при тоа обезбедувајќи модерен изглед и беспрекорна естетика
... со одлична клима и пријатен комфор во просторијата,
... каде можете да се опуштите во мир и тишина
... и во исклучително здрава средина.
Нашиот градежен сервис Ви стои на располагање за сите прашања.
Посетете не или побарајте наше стручно лице да дојде кај вас!
Ќе ни биде задоволство да ја градиме Вашата иднина заедно.





# Во **здрав дом** - **здрав дух**
## Градете со Кнауф - домувајте здраво.

Статистиките покажаа дека повеќе од 80% од денот престојуваме во затворени простории. Затоа, се повеќе се води сметка за здравото домување и се внимава при употребата на градежните материјали. Современиот потрошувач, покрај високо квалитетна градба, очекува и докази дека материјалот што е вграден е безбеден за здравјето и не е штетен.

Кнауф плочите се потполно природни, и произведени од најквалитетниот минерал - гипсот. Благодарение на иновативните Кнауф системи, гипсот има голема примена во внатрешното уредување на становите. Покрај можноста за креативно обликување тој пред сè гарантира здрава средина.

Кнауф плочите се испитани во повеќе институти и оценети се како беспрекорно здрав производ. Доказ повеќе е дека истиот материјал од кој тие се состојат, се користи во медицината и во стоматологијата.

Кнауф плочите не само што „дишат", туку и природно ја регулираат влажноста во просторијата. Гипсот се состои од многу ситни пори, кои по потреба го впиваат вишокот на влага од воздухот. Кога просторијата ќе се исуши, влагата од гипсот повторно се враќа во воздухот. На тој начин се одржува пријатна и здрава клима за живеење.

За благодетите на гипсот знаеле и најстарите цивилизации: од Ерихон, каде уште пред 11.000 години ѕидовите и подовите биле од гипс, преку пирамидите во Египет, палатата во Кносос и декорациите на градбите во Готиката, Ренесансата, па се до денес.







# Слушнете ги **сите виолини** во Бетовеновата Деветта...

Модерниот човек е изложен на сѐ поголема бучава. Густ сообраќај на улиците, чкрипење на кочници од автомобилите, бучава или гласна музика во соседството... Сето тоа ни пречи и дополнително придонесува за секојдневниот стрес. За удобен престој во домот е потребна квалитетна звучна заштита. Кнауф системите за сува градба ефикасно ја намалуваат бучавата. Со Кнауф ѕидните облоги на постоечките масивни ѕидови, вашиот дом го претворуваат во мирно место за живеење. Добрата звучна заштита се должи на еластичите ѕидни конструкции и одличните изолациони својства на вградените материјали. Со Кнауф преградните ѕидови музиката и звукот од телевизорот повеќе нема да се слушаат во спалната соба. Кнауф има развиено и ѕидови со повишена заштита - сигурно решение за изолирање многу бучни простории. Со ваквите системи ќе можете во Вашиот дом да доживеете акустика која ќе Ви открие нови звучни хоризонти. Сте имале ли можност дома да ја слушнете Бетовеновата Деветта Симфонија во просторија со Кнауф ѕидови? Тоа е вистинска Ода на Радоста!

Доколку бучавата доаѓа од горниот кат ќе се изолираме со Кнауф таванот; ако сакаме ефикасна изолација кон долниот спрат – одлични резултати дава Кнауф сувиот под.
Обезбедете го вашиот мир со Кнауф системите за сува градба!





# **Топлината** останува **дома**

Резервите на енергија се сè помали, а и нејзината цена вртоглаво расте. Развиените земји веќе воведоа обврска за градба само на објекти со добра топлинска изолација. Нискоенергетски објекти, пасивни куќи и сл., тоа се само некои од термините кои се почесто ги среќаваме и кои сакаме да станат наша реалност.

Потопло во зима, поладно во лето
Кнауф ѕидовите имаат одлични изолациони својства и повеќекратно ја подобруваат топлинската заштита: кога грееме една соба, нема непотребно расипување на топлината во околните простории. На зима просториите многу брзо се загреваат, а во лето брзо се ладат и тоа придонесува за уште поголема заштеда на енергија.
Со поставување на Кнауф ѕидна облога на надворешните ѕидови може да се заштеди и до 40% енергија!
Кнауф плочите на допир секогаш се пријатни и топли. Тие обезбедуваат изедначена температура на воздухот во просторијата и околните ѕидови, што кај луѓето предизвикува пријатно чувство.
Ставете ја раката на Кнауф ѕидот во Вашиот дом и почувствувајте ја разликата!

## Регулатор на климата

Едно петчлено семејство произведува 25 литри водена пареа дневно само преку дишењето.

Акумулација на пареа на гипсот: 1cm гипс, во една просторија со димензии 4x6m и височина од 2,5m ($54m^3$) може неосетно да прими 234L вода и по потреба да ја врати назад.



# Не менувајте го домот!
# **Сменете го распоредот!**

Комотно за секоја генерација

Промените во секој дом се неопходни затоа што потребите на семејството се менуваат повеќе пати во текот на животот. Во еден период ви е најважна пространа дневна соба, за по неколку години да ви затреба една дополнителна детска или работна просторија.
Кнауф ѕидовите ви го овозможуваат токму тоа: едноставно да го прилагодите просторот според новите потреби. Брзо и чисто, без прашина, шут и дополнителна влага, може да го преградите дневниот престој, да ја проширите детската соба, да ја преместите вратата.
Функционалноста не завршува тука: треба ли да спроведете инсталација за кабелска телевизија или телефонски кабел; да извлечете струја и да поставите штекер онаму каде што нема; или црево за новиот клима уред... Повеќе не е потребно новите инсталации да ги водите видливо покрај вратите или под плафонот. Сите дополнителни интервенции можат лесно и без штемување да ги изведете во Кнауф ѕидот.

За прицврстување на слика, полица или висечки елемент на Кнауф ѕидовите, тоа се прави едноставно и сигурно! И не заборавајте притоа дека наместо обичните типли постојат посебни, типли за шуплив ѕид, кои може да ги купите во најблиската продавница за градежни материјали.







# Градење со КНАУФ

Повеќе простор и побрзо вселување... за пониска цена

Модерното градежништво бара квалитетни, лесни и брзи техники на градење со кои се постигнува висок квалитет на градба. Кнауф ви нуди рационални градежни системи, кои се прилагодени на сѐ повисоките барања на модерното време и со кои целокупната градба станува побрза и поекономична.
Ќе ви го претставиме Кнауф преградниот ѕид на потконструкција од метални профили, обложени со Кнауф плочи во два слоја и помеѓу нив исполнети со минерална волна. Ѕидот се одликува со одлична звучна и топлотна заштита и претставува испробано решение за преградување во секој дом.
За илустрација е прикажана споредба на Кнауф преградниот ѕид со најчесто користениот преграден ѕид кај нас - малтерисан ѕид од шуплив керамички блок. Овој ѕид на Кнауф е пет пати полесен и за 7cm потесен од соодветниот класичен ѕид. Заради малата широчина на Кнауф ѕидовите ви останува многу повеќе корисен простор. Доколку во вашиот дом има околу 20m ѕидови, ако ги изведете со Кнауф ќе ви останат дополнителни 1,5m$^2$ корисна површина!
Освен брзината со која се поставува Кнауф ѕидот, сувомонтажната постапка придонесува за побрзо вселување. Со Кнауф нема заостаната влага која најчесто се јавува кога објектите се градат со масивна ѕидарија, туку истите брзо се завршуваат и се вселуваат.

Заради малите тежини објектот ќе се олесни за цели 10 тони. Ова олеснување придонесува конструктивните столбови и греди да се намалат и целата градба да поевтини. Со ова објектот е и сеизмички постабилен, што е многу важно во трусни подрачја како што е тлото на кое се наоѓа Македонија.

| Ѕид од | Звучна заштита (Rw) | Топлотна изолација (Rt) | Широчина на ѕид (d) | Тежина на 1м$^2$ ѕид | Време на изведба |
|---|---|---|---|---|---|
| Шуплив блок | 36 dB | 0,67 | 170 mm | 222 kg | 3,35 h/m$^2$ |
| Knauf W112 | 48 dB | 1,75 | 100 mm | 49 kg | 1,1 h/m$^2$ |





Канцеларија за продажба и маркетинг
бул. Александар Македонски бб
1000 Скопје
тел. 02 3235 750
факс. 02 3235 760

info@knauf.com.mk

www.knauf.com.mk

# Сакате **индивидуален и разигран** ентериер?

Може да изведете закосени или заоблени ѕидови, да направите ниши и полици во ѕидот, или можеби скриено светло на таванот, свод над вратата...

Дајте му модерен изглед на Вашиот дом: направете акустичен таван со Cleaneo Akustik плочата. Ќе добиете атрактивна соба со одлична акустика и постојано чист воздух... Бидејќи Cleaneo Akustik ги елиминира непријатните мириси и штетните испарувања во воздухот.

Или вградете модерна врата која се собира во ѕидот: Со Кнауф системот за шибер врата ќе заштедите простор - вратата се отвора во внатрешниот простор на преградниот ѕид! Вашиот дом ќе добие уште поголема оригиналност и елеганција.

Колку далеку може да отиде Вашата инвентивност и фантазија?

Одбравте нешто од Кнауф системите за Вашиот дом?
Честитки. Само што се приклучивте на авангардата во Европското градежништво и дизајн.

**Кнауф Радика АД - Дебар**
ул. 8 Септември бб
1250 Дебар
тел. 046 839 200
факс. 046 831 650

**Канцеларија за продажба и маркетинг**
бул. Александар Македонски бб
1000 Скопје
тел. 02 3235 750
факс. 02 3235 760